Република Северна Македонија
Општинско средно училиште
ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ
Бр. 05-376/15-1
31.08.2021
Велес

Друштво за транспорт,трговија и услуги
ИРЕНА ВЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-108
01. 09. 2021 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР

## ЗА ПОСЕБЕН ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

Склучен на ден 31.08.2021 г. во Велес помеѓу:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

1. **Општинското средно училиште "Јовче Тесличков" - Велес,** ул. Кукушка бр.37, 1400 Велес претставувано од Директор Оливера Коцевска (во понатамошниот текст: КОРИСНИК НА УСЛУГАТА), и

2. **ДТТУ "ИРЕНА ВЕЛ" ДООЕЛ** увоз-извоз Велес, ул. „Димко Најдов„, бр.60, застапувано од Ирена Игнова во понатамошниот (во понатамошниот текст: ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА).

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни, а во врска со реализација на услугата за посебен превоз на ученици од **во учебната 2021/2022 година** од најблиска автобуска постојка во местото на живеење на ученикот до најблиската постојка до училиштето, и тоа зе деловите:

**ДЕЛ 1: Превоз во град со кола/такси**
**ДЕЛ 2: Приградски со кола до 30 Км**
**ДЕЛ 3: Превоз во Р. Македонија до 30 км со мал автобус до 17 места**
**ДЕЛ 4: Превоз во Р. Македонија до 100 км со мал автобус до 17 места**
**ДЕЛ 5: Превоз во Р. Македонија над 100 км со мал автобус до 17 места**
**ДЕЛ 6: Превоз во Р. Македонија до 100 км над 27 места**
**ДЕЛ 7: Превоз во Р. Македонија над 100 км над 27 места**
**ДЕЛ 12: Каратманово – Велес – Каратманово**
**ДЕЛ 13: Дорфулија-Велес - Дорфулија**
**ДЕЛ 14: Лозово – Велес – Лозово, и**
**ДЕЛ 17: Бањица – Велес – Бањица**

Постапката е спроведена со преку Оглас за Отворена постапка бр. 124514/2021, објавено преку ЕСЈН на ден 16.07.2021 г.

Доколку во текот на 2021/2022 г. дојде до намалување на бројот на учениците, кои што треба да се превезуваат Вршителот на услугата нема право на да бара исполнување на договорот во целост за целокупниот број на ученици утврдени во техничката спецификација.

На почетокот на учебната година ќе с еконстатира дали има евентуална промена на бројот на ученици, кои што користат превоз и ќе се прават нови списоци на ученици. Списоците на учениците ќе се ажурираат во текот на цела 2021/2022 година, а фактурирањето ќе се врши по единечната цена по ученик за секоја релација, која е непроменлива.

Доколку се појават ученици од населени места, кои не се опфатени во техничкитата спецификација или за нив нема ниту еден понудувач, тогаш за нив ќе се земе цената за превоз на најблиското место до тоа место, а предвидено во техничката спецификација.

Превозотна ученици ќе се врши само во прва смена, согласно распоредот за настава утврден од училиштето.

Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го изврши на следниов начин:

Вршителот на услугата има обврска да изврши превоз на од местото на живеење до улилишето и обратно за 2021/2022 година. Со релација по техничка спецификација.

Лицата, кои треба да се превезуваат треба да ги земе од договореното место, да ги превезе согласно договорената релација и повторно да ги врати на договореното место од каде што ги земал.

**ПРАВЕН ОСНОВ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР**

**Член 2**

При утврување на правата и обврските на договорните страни од овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за средното образование и дополнувањата на Законот за превоз во патниот сообраќај бр. 08-5119/1 од 03.09.2018 година.

**РЕЛАЦИИ, ЦЕНИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 3**

Вкупната вредност на услугите од член 1 од овој Договор изнесува **302.400,00 ден.** со вклучен ДДВ од 5%.

Единечна цена по превезен ученик изнесува:

- **ДЕЛ 1: Превоз во град со кола/такси: 40 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 2: Приградски со кола до 30 Км: 40 ден без ДДВ**
- **ДЕЛ 3: Превоз во Р. Македонија до 30 км со мал автобус до 17 места: 50 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 4: Превоз во Р. Македонија до 100 км со мал автобус до 17 места: 50 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 5: Превоз во Р. Македонија над 100 км со мал автобус до 17 места: 30 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 6: Превоз во Р. Македонија до 100 км над 27 места: 37,21 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 7: Превоз во Р. Македонија над 100 км над 27 места: 29,30 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 12: Каратманово – Велес – Каратманово: 300 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 13: Дорфулија-Велес – Дорфулија: 300 ден. без ДДВ**
- **ДЕЛ 14: Лозово – Велес – Лозово: 300 ден. без ДДВ, и**
- **ДЕЛ 17: Бањица – Велес – Бањица: 700 ден. без ДДВ**

Цените утврдени во спецификацијата по овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на Договорот.

Услугата за превоз на наведените релации ќе се врши со редовен посебен линиски превоз по утврден возен ред.

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши во рок од 60 дена од приемот на фактурата за извршената услуга.

Доколку Корисникот на услугата не го запази предвидениот рок на плаќање, Извршителот се откажува од побарувањата по основ на камата за ненавремено плаќање.

Во прилог на фактурата треба да се достави и извештај со број на ученици кои биле превезувани на дадената релација и поединечните цени.

**ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА**

**Член 5**

При изготвување на фактурата, вршителот на услугата е должен да води сметка истата да ги содржи следните елементи:

- Назив на корисникот на услугата, место, седиште и даночен број;
- Број и датум на договорот;
- Релација од која и до која се врши услугата;
- Број на превезени ученици на релацијата;
- Дневна цена по ученик за секоја релација;
- Број на денови во месецот во кои се вршел превозот;
- Вкупна цена на фактурата добиена како збирен производ на бројот на превезени ученици на релација, дневна цена утврдена со Одлука на Советот и бројот на работни денови во месецот за кој се однесува фактурата;
- Пресметка на ДДВ;
- Валута на плаќање и
- Прилог: список на превезени ученици по релација и вкупен број денови во кои се вршел превозот.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Времетраење на договорот на Договорот започнува со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и престанува со исцрпување на вредноста предвидена со член 3 од овој Договор или една година од од денот на неговото потпишување.

**ОБВРСКИ НА ВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГАТА**

**Член 7**

Вршителот на услугата е должен услугата да ја изврши квалитетно и стручно според важечките технички норми и упатства за ваков вид на услуга со која ќе се обезбеди безбеден и квалитетен превоз на учениците.

Вршителот на услугата за превоз на ученици ќе ја извршува секој работен ден во термини утврдени согласно возниот ред.

Превозот ќе се извршува по релации од најблиската автобуска постојка во местото на живеење на ученикот до најблиската автобуска постојка до училиштето.

Периодот на извршување на услугата е од денот на склучување на Договорот од двете договорни страни и престанува со исцрпување на вредноста предвидена со член 3 од овој Договор или една година од од денот на неговото потпишување.

Вршителот на услугата превозот ќе го извршува со соодветни возила со капацитет кој ќе овозможи седиште на секој ученик.

Превозот може да се изврши само со возила кои ги исполнуваат техничките услови за ваков вид на услуга.

Корисникот на услугата го задржува правото на промена на бројот на учениците кои ќе ја користат услугата притоа вршителот на услугата нема право на надомест на штета во ваков случај.

Целокупната одговорност која ќе произлезе од несоодветен превоз и непревземени мерки паѓаат на терет на вршителот на услугата.

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА**

**Член 8**

Корисникот на услугата е должен да го исплати износот на извршената услуга на начин и во рокови определени во овој Договор.

Корисникот на услугата е должен до вршителот на услугата да достави евиденција на ученици кои ќе се превезуваат врз основа на што вршителот на услугата ќе подготви годишни легитимации.

**РАСКИНУВАЊЕНА ДОГОВОРОТ**

**Член 9**

Доколку некоја договорна страна не ја исполни својата обврска, другата страна може да бара исполнување на обрската или раскинување на договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата страна барање одлагање.

Доколку вршителот не ја изврши услугата согласно утврдените релации и доколку превозот го врши спротивно на одредбите на Законот за превоз на патниот сообраќај, корисникот на услугата може да бара исполнување на обврската или раскинување на договорот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и изменат одредбите од овој договор спогодбено.

Договорната страна која бара дополнување или измена на договорот, должна е своето барање да го достави до другата договорна страна во писмена форма.

**Член 11**

Договорните страни се согласни сите евентуални спорови кои ќе произлезат од овој договор да ги решат спогодбено, а доколку не успеат во тоа, надлежен ќе биде Основниот суд Велес.

**Член 12**

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете страни, а ќе се применува од 01.09.2021 година до 10.06.2022 година, односно до 20.05.2022 за учениците од четврта година-матуранти.

**Член 13**

Договорот е составен во 4 (четири) примероци, по два за секоја договорна страна.

| КОРИСНИК НА УСЛУГАТА: | ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Директор | Управител, |
| Оливера Коцевска | Ирена Игнова |
| ОСУ "Јовче Тесличков" Велес | ДТТУ "ИРЕНА ВЕЛ" ДООЕЛ увоз-извоз Велес |

# ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА
## Посебен превоз на ученици и вработени
## за ОСУ ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ - ВЕЛЕС

Вршителот на услугата е должен да обезбеди посебен превоз на ученици по утврдениот возен ред согласно **Одлуката на Советот на Општина Велес и** согласно дозволата за вршење на посебен линиски превоз и регистрираниот возен ред за следните релации:

| Ред.бр. | Релација | Број на ученици кои патуваат по релација | Единечна цена на повратен билет без вклучен ДДВ | Вкупна цена | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ | вкупна сума по работни денови (180) без ДДВ | вкупна сума по работни денови (180) со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | Превоз во град со кола/такси | / | 40,00 | | 2,00 | 42,00 | | |
| ДЕЛ 2 | Приградски превоз до 30 км со кола/такси | / | 40,00 | | 2,00 | 42,00 | | |
| ДЕЛ 3 | Превоз во Р. Македонија до 30 км со мал автобус до 17 места | / | 50,00 | | 2,50 | 52,50 | | |
| ДЕЛ 4 | Превоз во Р. Македонија до 100 км со мал автобус до 17 места | / | 50,00 | | 2,50 | 52,50 | | |
| ДЕЛ 5 | Превоз во Р. Македонија над 100 км со мал автобус до 17 места | / | 30,00 | | 1,50 | 31,50 | | |
| ДЕЛ 6 | Превоз во Р. Македонија до 100 км над 27 места | | 37,21 | | 1,86 | 39,07 | | |
| ДЕЛ 7 | Превоз во Р. Македонија над 100 км над 27 места | | 29,30 | | 1,47 | 30,77 | | |
| ДЕЛ 13 | Каратманово – Велес – Каратманово | 1 | 300,00 | 300,00 | 15,00 | 315,00 | 54.000,00 | 56.700,00 |
| ДЕЛ 13 | Дорфулија-Велес - Дорфулија | 1 | 300,00 | 300,00 | 15,00 | 315,00 | 54.000,00 | 56.700,00 |
| ДЕЛ 14 | Лозово – Велес – Лозово | 1 | 300,00 | 300,00 | 15,00 | 315,00 | 54.000,00 | 56.700,00 |
| ДЕЛ 17 | Башица – Велес – Башица | 1 | 700,00 | 700,00 | 35,00 | 735,00 | 126.000,00 | 132.300,00 |
| | | | | | | | ВКУПНО: | **302.400,00 ден.** |

**НАПОМЕНА:**

**- Бројот на учениците за ДЕЛ 12, 13, 14 и 17 е променлив, бидејќи во текот на учебната година може да се изврши упис/испис на ученици**

**- Конечниот број на денови и ученици по релации ќе биде утврдуван месечно.**

**- За месеците Јануари и Јуни ќе се фактурира по цена на дневен повратен билет.**

**Велес, 31.08.2021 г.**

**ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА**
**Управител,**
**Ирена Игнова**
ДТТУ "ИРЕНА ВЕЛ" ДООЕЛ увоз-извоз Велес

Друштво за транспорт трговија и услуги "ИРЕНА ВЕЛ" ДООЕЛ увоз-извоз ВЕЛЕС